INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-034/2017

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

**Архивски број:10-2897/2**
**Датум: 03.04.2020**

10 -04- 2020

**До: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
**Ул. Максим Горки 20/1-4, Скопје**

**Предмет: Одговор на барање**

***Почитувани,***

Во изминатиот период Владата на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика континуирано работи на унапредување и понатамошно развивање на сеопфатен и ефикасен систем за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство како и заштитата на децата во постапките на бракоразводна постапка, доверување и видување. Исто така во делот на институционалниот одговор, ја потенцираме одговорноста на службените и одговорните лица за должно постапување по секое сознание за сторено семејно насилство, при што постапките се водат итно, во координација и соработка помеѓу сите релевантни институции и здруженија на граѓани и нивната обврската меѓусебно да се известуваат и да ја разменуваат службената документација за конкретните предмети.

Во 2019 година Министерството за труд и социјална политика го зголеми бројот и капацитетот на специјализираните услуги за жени жртви на насилство во 7 Плански региони на територијата на Република Северна Македонија со што вкупниот број на специјализирани сервиси за жртви на насилство/семејно насилство изнесува 18 специјализирани сервиси.

Согласно Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во2020 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на РепубликаМакедонија (Службенвесникна Република Македонија бр. 277/19), Министерството дополнитело финансира 4 специјализирани сервиси за жени жртви на насилство и семејно насилство, кои се менаџирани од страна на здруженија кој работат на проблематиката семејно насилство кои се избрани по пат на јавен повик.

Согласно мерките и активностите за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус) донесени од Владата на Република Северна Македонија,

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

\- Сектор за социјална заштита -

Министерството за труд и социјална политика презеде конкретни мерки и активности со цел жртвите да добијат соодветна помош и заштита. Објавено е соопштение со известуваат жртвите на семејно насилство кои имаат потреба од помош, поддршка и заштита од семејно насилство најпрво да се јават на Националната бесплатна мобилна СОС линија за жртви на семејно насилство, која обезбедува 24 часовна точна, навремена и доверлива информација за заштита на жртвите, достапните услуги и телефонско советување на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство. Во случаи кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на граѓаните, како последица на родово базирано насилство и семејно насилство, како и кога дете е жртва на семејно насилство, да се пријави до најблиската Полициска станица или надлежниот Центар за социјална работа. На територијата на град Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје има формирано и 2 специјализиранија тима кој се на терен и достапни 24 часа и истите имаат дозвола да работи за време на полициски час.

Во врска со одложување на примената на решенијата со кои се регулирани личните односи и непосредни контакти на малолетните деца со родителот со кого не живеат, центарот за социјална работа преку стручните тимови кои постапуваат во конкретните случаи врши преоценка на условите во кои се реализираат видувањата, утврдува дали постојат ризици за остварување на контактите на децата со родителот со кого не живеат и одлучуваат за заштита на децата согласно дадените препораките во однос на состојбата со COVID-19 (корона вирус) донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, согласно Законот за семејството двајцата родителите се должни совесно одговорно да ги извршуваат родителските права и обврски и да се грижат за заштита на здравјето на децата.

***Со почит,***

Изработил:м-р Л.Штерјов
Е. Тодорова
Одобрил:С.Спасовска

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр. 04-3512/14 од 13.06.2017
Помошник раководител
на сектор за социјална заштита
Софија Спасовска